Бр: 10-5
Скопје: 20.01.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 20.01.2021 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа доставеното Барање на мислење од страна на Фонд за иновации и технолошки развој бр. 02-709/1 од 08.01.2021 година, а во врска со Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст.

Комисијата оцени дека, со оглед на тоа дека кофинансирањето согласно Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст чија цел е надминување на последиците од Ковид - 19 опфаќа трансфер на државни средства и претставува економска поволност за примателот на помошта согласно член 3 од Правилникот за инструментот за поддршка – Кофинансирани грантови за технолошки развој за забрзан економски раст, истата **претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.**

Согласно горенаведеното, давателот на државна помош **има обврска** до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави Известување за планирано доделување на помош согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), (на Образецот даден како Прилог I од горенаведената Уредба).

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**